# РАБОТЕН ЛИСТ

**1.4.2020**

**Прочитај ја внимателно басната и постапи според барањата:**

## Лав и лисица

Остарел лавот и не можел веќе сам, со својата сила, да си прибавува храна. Затоа решил да најде друг начин за ловење. Се повлекол во една пештера, се испружил таму и објавил дека е тешко болен. Така ги фатил и ги изел сите оние животни што дошле да го видат.

Отишла и лисицата да го посети лавот. Таа веднаш ја разбрала неговата итрина. Застанала подалеку од пештерата и го запрашала лавот како е, како се чувствува во болеста. Тој одговорил :

- Лошо! Не сум арен. А ти зошто не влезеш?

Лисицата тогаш рекла:

- Јас би влегла, ама гледам многу трагови кои влегуваат во твојата пештера, а ниеден не излегува надвор.

**1. Пронајди по пет придавки, именки и глаголи во текстот и распореди ги во табелата!**

| ПРИДАВКИ | ИМЕНКИ | ГЛАГОЛИ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## 2. Одговори на прашањата!

а. Кои животни се главни ликови во басната?

______________________________________________

______________________________________________

б. Зошто лавот не можел веќе сам да си прибавува храна?

______________________________________________

______________________________________________

в. Како лавот  ги ловел животните кои доаѓале да го посетат?

______________________________________________

______________________________________________

3. Како ја оценуваш постапката на лавот?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

4 . Како ја оценуваш постапката на лисицата?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

5. Која е поуката која ни ја испраќа басната?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

6. Илустрирај сцена од басната!

име и презиме______________________________________________